Архивски број: 08-421/6
28-07-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-421/1 од 30.06.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, преку полномошник адвокат [redacted] од Скопје, за извршена дискриминација од страна на Министерство за надворешни работи на Република Северна Македонија-Скопје, врз основа на личен или општествен статус и друга основа-прејудицирање на вина во областа на работата и работните односи, правосудство и управа и социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравственото осигурување и здравствената заштита, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14, а во врска со член 24 став (5) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), на 28.07.2023 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ЗАПИРА ПОСТАПКАТА** поведена по претставка бр. 08–421/1 од 30.06.2023 година, поднесена од лицето [redacted] од Скопје, преку полномошник адвокат [redacted] од Скопје, против Министерство за надворешни работи на Република Северна Македонија-Скопје, **ПОРАДИ ЗАСТАРЕНОСТ.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 30.06.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицето [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] Скопје, преку полномошник адвокат [redacted] од Скопје, против Министерство за надворешни работи – Скопје.

Во поднесената претставка се наведува дека од страна на Министерството за надворешни работи-Скопје, во случајот како работодавач, евидентно постои исклучување, разликување, ограничување и фаворизирање помеѓу двајца вработени дипломати во истото, од кои едниот веќе пензиониран. Имено, лицето [redacted] од Скопје во август 2021 година е приведено на граничен премин Прешево при излез од Република Србија по што е изведен пред истражен судија во Виш суд Врање од страна на кој му е определена мерка екстрадициски притвор. По ова во септември 2021 година Министерство за надворешни работи го деактивира неговиот дипломатски пасош со оглед да во тој период истиот од страна на наведеното

министерство е упатен на работа во постојана мисија на Република Северна Македонија при МО во Виена, на работно место во звање "министер советник" за период од 3 (три) години. За именуваниот во наведениот период е издадена Црвена потерница-барање за екстрадиција во Република Ерменија поради тоа што тој и уште двајца државјани на Република Северна Македонија, од кои едниот исто така вработен во Министерство за надворешни работи, а другиот пензиониран, поранешен вработен во Министерство за надворешни работи, заедно отпатувале во Република Ерменија од каде се вратиле во Скопје во придружба на лицето [redacted] исто така државјанин на Република Северна Македонија за кој имало забрана за напуштање на Република Ерменија поради кривична постапка која таму се водела против него. По сознавањето за бегството тамошните истражни органи отпочнале истрага во рамки на која како осомничени ги инволвирале сите учесници во споменатото патување поради што за сите биле обајвени меѓународни потерници. Работниот однос на подносителот на претставката во Министерство за надворешни работи бил држен во статус на мирување од септември 2021 година до март 2022 година по што министерството донело решение за престанок на неговиот работен однос.

Понатаму во претставката се наведува дека за разлика од подносителот на претставката, на вториот дипломат за кој исто така е објавена меѓународна потерница и кој при обид да ја напушти Република Северна Македонија на граничен премин Прешево, откако му било соопштено дека е потребно да се направи негова дополнителна проверка, истиот го оставил дипломатскиот пасош и побегнал назад во Република Северна Македонија. По ова повторно му е издаден дипломатски пасош од страна на Министерство за внатрешни работи, по неговото работно место немало никакви реперкусии, а во меѓувреме остварил право на старосна пензија.

Воедно во претставката се наведува дека [redacted] од Скопје води управна постапка пред надлежен суд во врска со одземениот безбедносен сертификат, а во врска со незаконитото држење во мирување на неговиот работен однос како и за престанокот на истиот, именуваниот води постапки пред надлежен граѓански суд.

Со оглед на сето изнесено, Комисијата обрна должно внимание на наводите во претставката и детално ја разгледа истата, по што утврди дека дејствијата на кои подносителот се повикува и укажува дека со истите е сторена дискриминација кон него, се преземени пред повеќе од 6 (шест) месеци од дознавањето за актот на дискриминација, односно пред повеќе од 1 (една) година од денот кога била сторена повредата. Наведеното во контекст на фактот дека настапил како релативен така и апсолутен рок на застареност за постапување на Комисијата и преземање на дејствија во рамки на законски утврдените надлежности.

Заради горното, се одлучи како што е наведено во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
28.07.2023година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претсдетаел на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- Министерство за надворешни работи на Република Северна Македонија, Седиште на ул. "Филип Втори Македонски", бр. 7, Скопје
- Архива на КСЗД